**ПРИЛОГ 8.А: ПРИНЦИПИ НА НАПЛАТА**

**1.** Основата за пресметка на надоместокот за Услуги За Сообраќај, Услуги За Избор На Оператор, Услуги За Телефонски Интерконекциски Линк на Македонски Телеком АД се одредбите содржани во Член 48 Став (1) во ЗЕК од 2005 година. Основа за пресметката е методологијата на целосно распределени трошоци.

**2.** Елементите за наплата наведени во Прилог 8.Б (Надоместоци) содржат надоместоци кои не зависат од Сообраќај и надоместоци кои зависат од Сообраќај.

**а)** Надоместоци кои не зависат од Сообраќај
- **I)** Еднократен надомест;
- **II)** Месечен надомест.

**б)** Надоместоци кои зависат од Сообраќај:
- **I)** Тарифа За Користење;
- **II)** Надомест По Повик.

**3** „Еднократен Надомест" значи надомест кој Страната Барател треба да му го плати на Давателот На Услуги со првата употреба на дадената Услуга.

**4.** „Месечен Надомест" значи надомест кој Страната Барател треба да му го плаќа редовно, на месечна основа, на Давателот На Услуги за користење на дадената Услуга, без оглед на фактичкото користење.

**5.** Месечниот Надомест за Колокација за Партнери кои веќе имаат склучено Договор За Интерконекција со Македонски Телеком АД и кои избрале надоместокот за инсталирање на колокација да го плаќаат преку месечни надоместоци утврдени на комерцијална основа се фактурира на месечна основа за секоја Колокациска Просторија на Партнерот. Доколку договорот склучен помеѓу Партнерот и Давателот На Услуги се раскине во однос на Колокациската Просторија пред истекот на периодот од 3 (три) години, поради причина која е под контрола на Партнерот, тогаш Партнерот ќе ги плати Месечните Надоместоци за Колокација за преостанатиот период од периодот од 3 (три) години еднократно.

**6.** Надоместот За Сообраќај значи надомест кој Страната Барател треба да му го плати на Давателот На Услуги за Услугите За Сообраќај кои ги користел во дадениот месец, врз основа на:

**а)** множење на релевантната Тарифа За Користење со Времетраењето На Повикот зачуван во записите за повици; или
**б)** множење на релевантниот Надомест По Повик со бројот на Повици.

**7.** Еднократните Надоместоци, Месечните Надоместоци и Тарифите За Користење содржани во МАТЕРИО сочинуваат една целина, т.е. измена на било кој елемент на наплата бара измени и на другите надоместоци, според методологијата за алоцирање на трошоци. Новите надоместоци се предмет на одобрување од страна на АЕК.

**8.** Еднократните Надоместоци, Месечните Надоместоци и Тарифите За Користење содржани во МАТЕРИО важат од првиот ден во месецот по 30 (триесетиот) ден од одобрувањето на надоместоците од страна на АЕК.

**9.** Надоместоците наведени во Прилог 8.Б (Надоместоци) се без ДДВ. Сепак, во однос на обврските за плаќање, ДДВ претставува составен дел од надоместоците кои се наплаќаат.

**10.** По откажувањето (раскинувањето) на Услугата или по раскинување на Договорот За Интерконекција, Давателот На Услуги не е обврзан да и го рефундира Еднократниот Надомест на Страната Барател.

**11.** Дополнителните услуги кои не се обезбедуваат во МАТЕРИО ќе се наплаќаат на комерцијална основа. Овие дополнителни услуги не содржат никакви услуги кои се неопходни за користење на услуги за интерконекција.